У-6.бр.575/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Марта Телегравчиска - претседател на советот, Рамије Цара и м-р Ѓоко Живковски - членови на советот, со записничар – помлад судски соработник – Мухамед Исмаили, одлучувајќи по тужбата на тужителот Друштво Е.Р. ДОО С., преку полномошник Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ од С., против Решението на Државната комисија УП.број 0810-102 од 05.09.2019 година, за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина, на седницата на советот одржана на ден 31.03.2020 година, согласно член 39-а став 1 од Законот за управните спорови, донесе:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво Е.Р. ДОО С., СЕ УВАЖУВА.

Решението на Државната комисија УП.број 0810-102 од 05.09.2019 година, СЕ ПОНИШТУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Тужителот со тужба за управен спор, ја оспори законитоста на оспореното решение означено во изреката на пресудата поради повреда на правилата на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право со предлог, тужбата да се уважи и оспореното решение поништи. По однос на повредата на правилата на постапката тужителот укажува дека управните органи било потребно по службена должност да ја прекинат постапката по барањето за издавање на дозвола за експлоатација на минерални суровини бр.24-4490/1, согласно член 95 од Законот за општата управна постапка, и да одлучи по основ на барањето за спојување на концесии бр.24-962/1. По однос на погрешно и нецелосно утврдената фактичка состојба укажува дека управните органи не ги зеле во предвид укажувања дека не по нивна вина дел од документите кои биле потребно да ги достават не им биле издадени од надлежните институции иако навремено поднеле барање до истите. На овој начин наведените институции не постапиле согласно законските рокови поради што во конкретниот случај има молчење на администрацијата. Понатаму по однос на погрешната примена на материјалното тужителот укажува дека тужениот тужениот орган неправилно го толкувал член 61 од Законот за минералните суровини од

причина што истиот предвидувал обрска а не право да донесе одлука за спојување или припојување на концесиите доколку се исполнети условите.

Тужениот орган ги достави списите на предметот но не даде одговор на тужбените наводи.

Управниот суд најде дека тужбата е основана.

Со оспореното решение означено во изреката на пресудата жалбата на сега тужителот Друштво Е.Р. ДОО С. изјавена против Решението број 24-3391/2 од 08.07.2019 година на министерот за економија, се одбива како неоснована.

Согласно член 36 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ број 62/06 и 150/10), судот одлучува за спорот, по правило врз основа на фактите што се утврдени во управната постапка или врз основа на фактите што сам ќе ги утврди. Согласно член 37 став 1 од истиот закон, законитоста на оспорениот управен акт судот ја испитува во границите на барањето од тужбата, но притоа не е врзан со причините на тужбата.

Согласно член 53 став 1 од Законот за минерални суровини („Службен весник“ на Република Македонија бр.136/2012 ... 7/2019), со експлоатација на минерални суровини и изведување на рударски работи може да се започне откако концесионерот ќе добие дозвола за експлоатација на минерални суровини.

Согласно член 54 став 1 алинеја 1 од истиот Закон, по склучување на договорот за концесија за експлоатација, концесионерот е должен да поднесе барање за издавање на дозвола за експлоатација во рок од четири години за енергетски и метални минерални суровини.

Согласно член 52 став 2 од истиот Закон, кон барањето од ставот (1) на овој член се приложува:

- доказ за решени имотноправни односи во делот на земјиштето на кое ќе се врши експлоатација на минерални суровини, освен во случај кога се работи за подземна експлоатација во услови кога експлоатацијата нема влијание на површината;
- геодетски елаборат за посебни намени со катастарски индикации изработен од трговци поединци - овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи кои ги исполнуваат условите од Законот за катастар на недвижности,
- главен рударски проект за експлоатација на минералните суровини кои се предмет на концесијата заедно со ревизија (стручна) оцена на истиот,
- решение за одобрување на студијата за оцена на влијанието врз животната средина или решение за одобрување на елаборатот за оцена

на влијанието врз животната средина,
- план за управување со отпад,
- сообраќајна согласност за приклучок за јавен пат, освен за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 6 од овој закон,
- дозвола за користење на вода и/или дозвола за испуштање на вода која ја издава надлежниот орган на државната управа надлежен за управување со води, доколку е потребно издавање на таква дозвола кое го утврдува надлежниот орган на државната управа надлежен за управување со води и
- доказ за мерење на експлоатираната и продадена количина на минерална суровина, освен за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 6 од овој закон.

Согласно член 56 став 1 алинеја 2 од истиот Закон, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини со решение ќе го одбие барањето од членот 55 став (1) од овој закон, ако барањето не ја содржи документацијата утврдена во членот 55 став (2) од овој закон. Согласно став 2, против решението од ставот (1) на овој член во рок од 15 дена може да се поднесе жалба до Државната комисија .

Согласно член 61 став 1 од истиот Закон, во функција на рационално и економично истражување или експлоатација на минерални суровини, може да се врши спојување или припојување на две соседни концесии во случај кога концесиите се простираат на исто наоѓалиште за ист тип на минерална суровина. Согласно став 6, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од осум дена врши увид на локалитетот за кој е поднесено барање за спојување или припојување на концесии, за што се составува записник. Согласно став 7, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена од денот на доставувањето на барањето за спојување или припојување на концесии до Владата доставува образложен предлог за спојување или припојување на концесии. Согласно став 8, по разгледување на образложениот предлог од ставот (4) на овој член Владата донесува одлука за спојување или припојување на концесии.

Согласно член 5 став 3 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник“ на Република Македонија број 58/2000 ... бр.110/2019), другите органи на државната управа според видот на организацијата и степенот на самостојноста можат да се основаат како самостојни органи на државната управа (дирекции, архив совет, агенции и комисии) или како органи во состав на министерствата (управа, биро, служба, инспекторат и капетанија).

Согласно член 6 од истиот Закон, самостојниот орган на државната

управа за својата работа одговара на Владата на Република Македонија и на соодветното министерство.

Согласно член 13 став 1 алинеја 1 и 2 од истиот Закон, органите на државната управа постапувајќи во рамките на своите надлежности во согласност со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори ја спроведуваат политиката на извршувањето на законите и другите прописи на Собранието на Република Македонија и прописите на Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Влада) и одговорни се за извршување на законите и другите прописи;

Согласно член 40 став 1 од истиот Закон, надзорот го врши повисокиот орган на државната управа, освен ако со закон поинаку не е утврдено. Согласно став 2, ако надзорот бара вклучување на специјализирана организација или вршење на експертиза, органот од став (1) на овој член може да определи надзорот да го изврши специјализирана организација за соодветната област.

Согласно член 9 од Законот за општата управна постапка („Службен весник“ на Република Македонија број 124/2015), кога јавните органи решаваат во управни работи, сервисно се ориентирани кон остварувањето на правата и интересите на странките.

Согласно член 95 од Законот за општата управна постапка („Службен весник“ на Република Македонија број 124/2015), ако јавниот орган што ја води постапката наиде на прашање чие решавање е предуслов за да се одлучи за самата работа, а истото претставува независно правно прашање за чие решавање е надлежен суд или некој друг јавен орган (во натамошниот текст: претходно прашање), јавниот орган што ја води управната постапка ја прекинува постапката додека не се реши претходното прашање и за тоа ја известува странката. Согласно став 2, кога постапката по претходното прашање треба да се поведе на барање од странката, известувањето за прекинот на постапката исто така содржи и упатство за ова барање.

Од увидот во списите на предметот произлегува дека Министерството постапувајќи по барањето за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина – руди на бакар и злато на локалитетот с.И., општина Б. со број 24-4490/1 од 25.07.2016 година и Дополнување кон барањето со број 24-618/1 од 03.02.2017 година, поднесено од сега тужителот, го донел првостепеното решение со кое го одбил барањето. Ова откако првостепениот орган од увидот во приложената документација кон прилог на барањето како и дополнувањето на барањето утврдил дека сега тужителот спротивно на член 55 став 2 од Законот за минерални суровини доставил само План за управување со отпад од минерални суровини од јули 2016 година

изработен од Факултетот при Универзитетот и Решение за утврдување на трајна измена на режим на сообраќај на магистрален пат А4, делница С.-Н.С. поради приклучок на концесионо поле „Р. И.“ издадено до Министерство 2 под број 11-уп-103/4 од 19.09.2016 година. Првостепениот орган утврдил дека сега тужителот ги нема доставено следните докази:
- доказ за решени имотноправни односи во делот на земјиштето на кое ќе се врши експлоатација на минерални суровини, освен во случај кога се работи за подземна експлоатација во услови кога експлоатацијата нема влијание на површината;
- геодетски елаборат за посебни намени со катастарски индикации изработен од трговци поединци - овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи кои ги исполнуваат условите од Законот за катастар на недвижности,
- главен рударски проект за експлоатација на минералните суровини кои се предмет на концесијата заедно со ревизија (стручна) оцена на истиот,
- решение за одобрување на студијата за оцена на влијанието врз животната средина или решение за одобрување на елаборатот за оцена на влијанието врз животната средина,
- дозвола за користење на вода и/или дозвола за испуштање на вода која ја издава надлежниот орган на државната управа надлежен за управување со води, доколку е потребно издавање на таква дозвола кое го утврдува надлежниот орган на државната управа надлежен за управување со води и
- доказ за мерење на експлоатираната и продадена количина на минерална суровина, освен за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 6 од овој закон,

поради што предметнот барање го одбил како неосновано со образложение дека приложената документација не е во согласност со законот и прописите донесени врз основа на истиот.

Незадоволен од првостепеното решение, тужителот изјавил жалба до Државната комисија која во целост го прифатила образложението на првостепениот орган и го донела сега оспореното решение УП.број 0810-102 од 05.09.2019 година со кое жалбата ја одбила како неоснована. Тужениот орган при одлучувањето ги ценел наводите на сега тужителот дека како претходно прашање требало да се одлучи по однос на барањето за спојување за спојување на концесии, како и дека по спојувањето на концесиите рокот за поднесување на барање за дозвола за експлоатација би почнал одново да тече, но ги оценил дека истите за оваа правна работа се ирелевантни и не можат да доведат до поинакво одлучување. Тужениот орган својот став го темели на тоа дека двете барања претставуваат сосема различни постапки и Владата како концедент согасно член 61 став 8 од Законот за минерални суровини можел но и немал обврска да го одобри спојувањето на концесиите.

Управниот суд, имајќи ги предвид погоре цитираните законски одредби најде дека тужениот орган неправилно го применил материјалното право и неправилно ја утврдил фактичката состојба поради што донел незаконито решение, на што тужителот основано укажува во тужбата.

Управниот суд од увидот во списите на предметот и цитираните законски одредби најпрво наоѓа дека тужениот орган неправилно постапил кога жалбените наводи на сега тужителот во поглед на постоењето на претходно прашање не ги прифатил и жалбата ја одбил како неоснована со образложение дека станува збор за две посебни постапки. Видно од списите кон предметот се гледа дека по однос на барањето за спојување на концесии бр.24-962/1 од 29.01.2016 година поднесено од сега тужителот, првостепениот орган изготвил и доставил до Владата на Р. М. Предлог одлука за спојување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – руди на бакар и злато на локалитет с.И., општина Б., со концесија за експлоатација на минерална суровина – бакар и злато на локалитет И. општина Б. и општина Н.С. заведена под број 24-739/1 од 13.02.2016 година. Во прилог на предлог-одлуката постои и Записник за извршен теренски увид бр.24-962/2 од 08.02.2016 година од кој јасно и недвосмислено произлегува дека постапката за спојување на концесиите може да продолжи со оглед дека не постојат правни и фактички пречки за истото. Со оглед на наведеното а како во списите на предметот не постои одлука од страна на Владата, за судот останува нејасно поради кои причини Владата не постапила согласно член 61 став 8 од Законот за минерални суровини. Во оваа насока судот наоѓа дека ставот на тужениот орган дека барањето за спојување на концесиите не претставува претходно прашање е погрешен имајќи го предвид начелото на сервисна ориентација кон странките. Согласно ова начело кога јавните органи решаваат во управни работи, сервисно се ориентирани кон остварувањето на правата и интересите на странките, па оттука произлегува дека првостепениот орган требал да ја сочека одлуката на Владата па дури потоа да одлучува за Барањето за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина, дотолку повеќе што истото е поднесено после поднесувањето на барањето за спојување на концесиии односно на 25.07.2016 година.

Понатаму, Управниот суд наоѓа  дека тужениот орган се нема прознесено по однос на наводите на сега тужителот дека недоставувањето на потребните документи не е по негова вина, без суштински да пристапи кон причините поради кои сега тужителот не бил во можност истите да ги достави. Согласно Законот за минерални суровини во име на концедентот договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини го склучува министерот за економија  па оттука произлегува и дека надлежен за доследно спроведување на обврските на концеденот е министерството за економија. Имајќи предвид дека во

конкретниот случај сега тужителот имал доставено барања до надлежните државни органи за издавање на документација со која би било комплетирано барањето за експлоатација на минерална суровина, судот наоѓа дека истиот својот дел од договорните и законски обврски во поглед на навремено постапување ги исполнил. Со оглед дека Министерството претставува надлежен орган за спроведувањето на договорот и надзор над концесионерот, било потребно согласно своите законски надлежности кои произлегуваат од Законот за организација и работа на органите на државната управа преку Владата да ги утврди причините поради кои државните органи не постапуваат по барањата на сега тужителот а со тоа и не ја исполнуваат договорната и законска обврска на концедентот. За судот јасно произлегува дека како што од една страна концесионерот е должен да ги почитува законските и договорни обврски кои ги превземал, концедентот е должен да ги почитува своите обврски и со сигурност да ги утврди причините за непостапување на органите на државната управа кои согласно хиерархиската поставеност одговараат пред Владата.

Согласно погоре наведеното потребно е во повторната постапка управните органи да ги имаат во укажувањата на судот и најпрво да утврдат до каде е постапката за спојување на концесиите, како и да ги утврдат причините поради кои надлежните органи не донесуваат одлуки по однос на барањата на тужителот, па откако целосно ја утврдат фактичката состојба да донесат правилно и законско решение.

Со оглед на наведеното а согласно членот 39-а став 1 од Законот за управните спорови, се одлучи како во изреката на пресудата.

Пресудено во Управниот суд на ден 31.03.2020 година под У-6.бр.575/2019.

Записничар-помлад судски соработник
Мухамед Исмаили

Претседател на совет-Судија
Марта Телегравчиска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот на истата преку овој суд до Вишиот управен суд. Согласно Уредбата со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредната состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства („Службен весник на Република С.М.“ бр.84/2020), рокот од 15 дена започнува да тече од денот на престанувањето на вонредната состојба.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од правни лица банка на примач НБРМ сметка број

1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-1, Програма:00, Начин:2, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Пресудата да се достави на:
-Тужителот преку полномошник
-Тужениот орган

Претседател на совет-Судија
Марта Телегравчиска